ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 036
Централа: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TŪV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131362679
TŪV AUSTRIA CERT GMBH

17. 06. 2015
11 – 11007/1

# ИНФОРМАЦИЈА

## за примена на Договорите за социјално осигурување за време на привремен престој во Република Македонија

Договорите за социјално осигурување имаат за цел обезбедување на здравствена заштита на осигурените лица на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за време на престој (привремен или постојан) надвор од територијата на Република Македонија, како и на странските осигурени лица за време на престој (привремен или постојан) на територијата на Република Македонија.

За имплементација на одредбите од областа на здравствената заштита од Договорите за социјално осигурување, Фондот за здравствено осигурување на Македонија со странските Фондови за здравствено осигурување, имаат договорено двојазични обрасци.

Во насока на продолжување на добрата соработка која ја има Република Македонија со земјите членки на Европската Унија и со кои Република Македонија има склучено Договор за социјално осигурување, а воедно и како поттик за продлабочување на истата, Фондот за здравствено осигурување на Македонија и странските Фондови за здравствено осигурување имаат потпишано **Договор за користење на европската картичка за здравствено осигурување (ЕНІС) на територијата на Република Македонија.**

Европската картичка за здравствено осигурување значи замена на хартиената потврда, односно двојазичниот образец за остварување на правото на итни и неопходни здравствени услуги за време на привремениот престој во Република Македонија.

Доколку е картичката во изработка осигурените лица на земјите со кои ФЗОМ има потпишано Договор за користење на ЕНІС се должни да поседуваат **Привремена потврда,** која значи привремена замена на европската картичка за здравствено осигурување.

Странски фондови за здравствено осигурување со кои ФЗОМ има потпишано Договор за ЕНІС се фондовите од следните држави: Словенија, Бугарија, Германија, Австрија, Холандија, Чешка, Луксембург и Австрија.

Осигурените лица од другите држави со кои РМ има склучено (преземено) Договор за социјално осигурување за време на привремениот престој во РМ правото на итни и неопходни здравствени услуги и понатаму го остваруваат на основа на двојазични

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 036
Централа: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

обрасци или на основа на Потврда за право на здравствена заштита на странски осигуреник и/или на членовите на неговото семејство (образец ППС 3) издадена од ПС на ФЗОМ, што претставува замена на двојазичен образец. Во прилог на овој допис Ви доставуваме Табела по држави со наведен документ, двојазичен образец (или Потврда од ПС доколку двојазичниот образец е заменет во ПС на ФЗОМ) / EHIC, на основ на кој осигурените лица по странските држави можат да користат здравствени услуги за време на привремениот престој во РМ. Овие информации можете да ги најдете и на web страницата на ФЗОМ, www.fzo.org.mk.

Ја користиме оваа прилика да Ве известиме дека за претходно наведеното Ве имаме информирано и со претходни наши дописи и упатства. Исто така сакаме да Ве известиме дека согласно Договорот за извршување и плаќање на здравствени услуги во примарна здравствени заштита сте обврзани да ги почитувате одредбите кои се однесуваат за лицата опфатени со меѓународни договори за социјално осигурување – странски осигуреници.

**Прилог:** Табела

По овластување број;04-1222/1 од 22.01.2015 година
**Директор на Сектор за спроведување на меѓународни договори за социјално осигурување**
**Вулнет Мурсели**

Изготвил: Дијана Василеска

T A B E L A

| Држава | Двојазичен образец/ЕНІС (приватни или службени патувања, школување и слично) |
|---|---|
| Австрија | Европска картичка за здравствено осигурување (ЕНІС) |
| Белгија | Европска картичка за здравствено осигурување (ЕНІС) |
| Бугарија | Европска картичка за здравствено осигурување (ЕНІС) |
| Романија | Р/Уи-11 |
| Чешка | Европска картичка за здравствено осигурување (ЕНІС) |
| Холандија | Европска картичка за здравствено осигурување (ЕНІС) |
| Франција | SE 21-04 A |
| Луксембург | Европска картичка за здравствено осигурување (ЕНІС) |
| Италија | Ит-7 |
| Германија | Европска картичка за здравствено осигурување (ЕНІС) |
| Хрватска | ХР/РМ 3 |
| Словенија | Европска картичка за здравствено осигурување (ЕНІС) |
| Босна и Херцеговина | БиХ/РМ 3 |
| Србија | СРБ/РМ 111 |
| Црна Гора | МНЕ/РМ 111 |
| Турција | ТР/РМ 4 |

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Број: 11-11007/2
16.06.2015 год.
С К О П Ј Е

ДО
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
Подрачна служба - ________________________________

Предмет: Задолжение

Во прилог Ви доставуваме Информација со приложена Табела, која се однесува на примената на Договорите за социјално осигурување за време на привремен престој во Република Македонија.

Ваше задолжение е копија од приложената Информација заедно со Табелата **ВЕДНАШ** да ја доставите до сите здравствени установи од примарна здравствена заштита, општа, гинекологија и стоматологија, кои имаат склучено Договор со ФЗОМ и кои се наоѓаат на територијата на Вашата подрачна служба.

**Прилог:** Како во текстот

**По овластување број;04-1222/1 од 22.01.2015 година**
**Директор на Сектор за спроведување на меѓународни договори за социјално осигурување**
**Вулнет Мурсели**

Изготвил: Дијана Василеска